Страната за најава во системот за единствена најава е прикажана на следната слика.




Слика 1

Пред вашето прво најавување, потребно е да го дознаете вашето корисничко име, кое е веќе автоматски креирано. Информацијата за вашето корисничко име можете да ја дознаете со кликнување на линкот „Го заборавив корисничкото име?" кој се наоѓа десно од формата за најава во системот (Слика 3).



Најавата на централниот автентикациски сервис е со корисничко име од обликот: ime.prezime@[fakultet].ukim.mk или ime.prezime@students.[fakuletet].ukim.mk каде [fakultet] е кратенката за вашиот факултет. За да го дознаете вашето корисничко име искористете ја следната страна во која треба да го внесете email адресата со која досега се најавувавте на iKnow. Го заборавив корисничкоти име?

Слика 2

Следен чекор за да го добиете вашето корисничко име, е да ја внесете вашата e-mail адреса, која ја користите при најавата во iKnow системот, во означеното поле и притиснете на копчето „Прати" (Слика 4). Доколку добиете потврдна порака за успешно испратени податоци на вашата e-mail адреса (Слика 5) и за кратко на вашата e-mail адреса ќе пристигне порака со вашето корисничко име. Доколку системот ве извести дека „Корисникот не постои во системот.", обратете се за помош со отворање на билет за поддршка на системот: http://help.finki.ukim.mk.

НАПОМЕНА: Корисничкото име не претставува валидна e-mail адреса и е најчесто во обликот ime.prezime@fakultet.ukim.mk или ime.prezime@students.fakultet.ukim.mk.




Слика 3




Слика 4

Доколку успешно го добивте корисничкото име за да креирате лозинка за вашиот кориснички профил, вратете на страната на страната за најава (Слика 1) или на страната за заборавено корисничко име (Слика 4) и кликнете на линкот „Заборавена лозинка?“ (Слика 5).




Слика 5

На следната страна, потребно е во назначеното поле да го внесете вашето корисничко име и да кликнете на копчето „Прати линк“ (Слика 6). Доколку точно го внесовте корисничкото име, за кратко на вашата e-mail адреса ќе добиете порака со линк до страната за поставување на нова лозинка за корисничкиот профил.

НАПОМЕНА: Корисничкото име не е секогаш e-mail адреса, туку корисничкото име кое го добивте во претходниот чекор.




Слика 6

На страната за поставување на нова лозинка, потребно е да го внесете вашето корисничко име и лозинка по ваш избор (Слика 8). Лозинката мора да биде подолга од 8 карактери, при што мора да содржи најмалку една голема буква, една мала буква, една бројка и еден специјален карактер. Откако ќе ги внесете податоците притиснете го копчето „Ресетирај“.




Слика 7

Доколку процедурата е успешна ќе ви се отвори страна со порака дека вашата лозинка е ресетирана и со тоа успешно е завршено креирањето на вашиот кориснички профил (Слика 8).




Слика 8

Внесете ги вашите кориснички податоци во формата за најава која се наоѓа на левата страна на страната за најава и кликнете на копчето „Login“ (Слика 9).




Слика 9